Лиценца за општински превоз

За издавање на Лиценца за општински превоз на патници во општина Василево, Барателот треба да поднесе Барање за издавање на Лиценца за општински превоз. Барањето се поднесува во хартиена форма и истото може да се подигне од ЦУГ (Центар за услуги на граѓаните) во општината или од веб страната на општина Василево.
Пополнетото Барање, во хартиен облик, комплетирано со соодветната документација се доставува во архивата на општина Василево.
Во прилог на Барањето се доставуват следниве документи:
- Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистаротна други правни лица издаден од Централниот регистар на РМ во оригинал не постар од 6 месеци.
- Копии од сообраќајните дозволи на возилата регистрирани на име на фирмата, заверени на нотар или копија од договорот за лизинг склучен со овластен дистрибутер заверен на нотар за моторните возила што ги користи по овој основ;
- Копии од обрасците М1/М2 за вработените возачи и возачки дозволи со минимум возачко искуство од 2 (две) години и лекарско уверение за возач во редовен работен однос;
- Уверение за платени и даноци и придонеси за последните 6 месеци и список на вработени по обврзник – не постари од 60 денаа;
- Копија од сертификат за професионална компетентност за управителот на фирмата, односно овластеното лице одговорно за превоз кое е во редовен работен однос кај превозникот - освен за трговец поединец.
- Решение од УЈП за регистрација на фискален апарат и сертификат за користење на апаратот.
- Потврда од надлежен сид дека не е во сила правосилна судска пресува за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавнниот сооврaќај за правното лице и одговорното лице во правното лице, не постара од 60 дена;
- Потврда од надлежен суд дека не е во сила правосилна пресуда за други казниви дела со затворска казна подолга од една година за правното лице и одговорното лице во правното лице – не постара од 60 дена.
- Копија од потврдата за исполнетост на посебните техничко-експлоатациони услови од станиците за технички преглед на возилата.
- Записник од извршениот преглед на возилата
- Уплата за платена административна такса - уплатана сметка: 840 -109 - 03182 - приходна шифра: 722315 - трезорска сметка: 100000000063095 - цел на дознаката: Административна такса - депонент: Народна банка на Македонија
- износ на уплатата: 6.000,00 ден.

Барањето може да се симне од рубриката Формулари